Приватна агенција за вработување
КОНТАКТ БИЗНИС
Бр. 0307-1332
08.07 2024 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 05-6515/1
Датум: 08-07-2024

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги – ангажирање на приватна агенција за вработување

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје, со седиште на ул. „Венјамин Мачуковски", бр.2а-3/2, Скопје, застапувано од Ирена Стојковска, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е ангажирање на приватна агенција за вработување заради отстапување на работници на привремена работа за потребите на договорниот орган, по спроведената набавка со поедноставена отворена постапка по оглас бр. 09846/2024.

Договорниот орган ќе ангажира лица според потребите и не презема обврска дека до крајот на важењето на договорот ќе ја искористи максимална вредност на договорот.

Договорниот орган може да има потреба од привремено отстапување на работници за извршување на работи во Скопје, како и во останатите градови во Република Северна Македонија каде договорниот орган има подрачни одделенија и трезорски канцеларии.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 637
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19
издание 4
MQS Partner of Quality Austria

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната максимална вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.600.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да го реализира целиот износ од став 1 на овој член.

Цената на агенциска провизија за еден вработен за еден месец, без ДДВ изнесува 1.485,00 денари.

На надоместокот на услугата се пресметува данок на додадена вредност.

Износот на агенциската провизија ќе биде фиксен за целото времетраење на договорот.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорниот орган плаќањето за услугата - предмет на договорот ќе го врши на месечно ниво, по примена фактура, во рок од 5 (пет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Фактурата за плаќање за извршената услуга му се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„Даме Груев" бр.12, 1000 Скопје.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ

Член 4

За секое отстапување на работник или работници носителот на набавката и договорниот орган ќе склучат посебен договор за отстапување на работник/работници.

Член 5

Услов за склучување на договор за отстапување на работник/работници за вршење на привремени работи е договорниот орган во рок од 7 (седум) дена писмено да ја прифати понудата дадена од носителот на набавката на негово барање.

Член 6

Договорниот орган потребата од работник/работници ја утврдува во писмено барање кое го упатува до носителот на набавката.

Барањето од став 1 од овој член особено содржи:

- податоци за договорниот орган;
- точен назив на работното место за кое се отстапува работникот;
- местото на извршување на работата;
- работното време (дневно и неделно);
- број на потребни работници;
- опис на работните задачи и потребни квалификации;
- висина на основна плата;
- период на отстапување;
- лице за контакт од страна на работодавачот корисник.

Член 7

Носителот на набавката, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на барањето од член 6 на овој договор, доставува предлог - понуда за работник или работници во која покрај името и презимето на работникот и другите барани податоци, ќе приложи и негова биографија (CV).

Договорниот орган има право во рокот од став 1 од овој член да изврши интервју со работникот/работниците кои се понудени во предлог - понудата.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката се обврзува:

- Во целост да ги исполнува и почитува барањата на договорниот орган наведени во барањето за ангажирање (отстапување) на привремен работник;

- Во случај да не може да обезбеди работник кој ги исполнува бараните квалификации согласно со барањето за ангажирање (отстапување) на привремен работник веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, да го извести договорниот орган;
- Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за приватните агенции за вработување, Законот за работните односи, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган;
- Веднаш по приемот на евидентниот лист за користење на работното време за отстапениот работник, доставен од страна на договорниот орган, но не подолго од 2 (два) работни дена, да достави фактура кон која задолжително доставува и пресметка на бруто плата по вработен;
- На отстапениот работник редовно да му ја исплатува нето платата, а најдоцна во рок од 2 (два) работни дена од денот на плаќањето на фактурата од страна на договорниот орган;
- Да доставува исплатна листа за плата до отстапениот работник најдоцна 7 (седум) дена од денот на исплатата на платата;
- Во случај на доцнење во поглед на рокот за исплата на нето платата, на отстапениот работник да му плаќа законска камата, како и да ја надомести евентуалната штета доколку истата поради задоцнувањето е поголема од износот што би се добил на име законска камата од сопствени средства;
- Да обезбеди осигурување од последици на несреќен случај – незгода во друштво за осигурување – осигурувач со премија во износ од 100,00 денари месечно кои се задржуваат од нето платата на отстапениот работник, при што осигурувањето да трае 24 часа и за цело време додека отстапениот работник е работно ангажиран кај договорниот орган;
- Дека ниту под еден услов освен со писмена изречна согласност од страна на договорниот орган, нема да го замени привремено отстапениот работник или да го откаже договорот за вработување;
- На барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски на привремено отстапениот работник, со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно со одредбите на Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во кај договорниот орган и

- За цело времетраење на овој Договор да има важечка лиценца „А“ издадена од Министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Доколку за време на важењето на договорот дојде до промена на лиценцата, носителот на набавката е должен веднаш писмено да го извести договорниот орган.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 9

Договорниот орган се обврзува:

- Барањето за ангажирање (отстапување) на привремен работник да го доставува до носителот на набавката во писмена форма, при што тоа треба задолжително да содржи податоци во поглед на називот на работното место и видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник, местото во кое се извршуваат работите, податоци за работното време, распоред на работното време, работни часови, број на работници кои се потребни, потребните квалификации, висината на основната плата (платата на привремениот работник не може да биде помала од работник кај работодавачот корисник на исти или слични работи), временскиот период за кој се бара отстапување и лице за контакт од страна на работодавачот корисник;
- Секој месец, најдоцна до 5-ти за тековниот месец, да доставува до носителот на набавката евидентен лист за користење на работното време за отстапениот работник за претходниот месец;
- Да обезбеди управување и контрола над работата што ја врши отстапениот работник;
- Да обезбеди простории, опрема и средства со кои отстапениот работник треба да ја извршува работата;
- Да обезбеди заштита при работа за отстапениот работник во согласност со важечките прописи;
- Да врши исплата на носителот на набавката во рок од 5 (пет) дена од доставувањето на фактурата согласно со член 3 став 1 од овој договор;

- Да ги плати/авансира трошоците за службени патувања во државата и странство на отстапениот работник, согласно со важечката Уредба за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и важечкиот Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ и тоа непосредно на отстапениот работник, а врз основа на налог за патување издаден од страна на договорниот орган и решение издадено од страна на Агенцијата и
- Да обезбеди остварување на правото на одмор и отсуство од работа на отстапениот работник, согласно со Законот за работните односи и колективните договори.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци и истиот почнува да важи од денот на потпишувањето од двете договорни страни или до неговото вредносно исполнување.

## VIII.УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 11

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

### Член 12

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 14

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## IX. ВИША СИЛА

Член 15

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 17

За сѐ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

### Член 18

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 20

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

Носител на набавката:
Приватна агенција за вработување
КОНТАКТ БИЗНИС Скопје

м-р Гордана Димитриеска-Кочоска
Министер за финансии

Ирена Стојковска
Управител

Изработил: Даниела Донова Ризов
Проверил: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска - Угриновска